Друштво за производство, трговија, инжененринг и услуги ДУНА ДОО експорт-импорт
Бр. 2705/18-0307
13. 07 2018 год.
штембил
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Генерален секретаријат –
бр.4606-6809/12 од 13.07.2018 година
Скопје

„Дуна “ ДОО - Скопје

# Д О Г О В О Р
## за набавка на услуги

Скопје, Јули 2018 година

**Д О Г О В О Р**
**за набавка на услуги**

Склучен на 13. 07.2018 година, меѓу:
1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр.2. Скопје, застапувана и претставувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган**, и

2. **„Дуна“ ДОО - Скопје,** со седиште на Бул. „8-ми Септември“ бр.18, 1000 Скопје, со ЕМБС 4901894 и даночен број 4030994271696 претставувано и застапувано од **Александар Пајковски**, Управител, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка **се услуги за изнајмување и ракување со опрема за аудио и видео поддршка на настани во надворешен простор, а во врска со организирање на настаните за одбележување на денот по повод најавената покана за Република Македонија за отпочнување на разговори за членство во НАТО Алијансата.**

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката за извршување на услугите предмет на Договорот, **изнесува 4.923.850** (со зборови: четири милиони деветстотини дваесет и три илјади осумсто педесет) **денари,** со вклучен 18% ДДВ.
Договорнииот орган го задржува правото да не го реализира вредносно договорот во целост, доколку од објективни причини не се реализира дел или во целост се откаже некој од предвидените настани, односно, носителот на набавка ќе ги фактурира само реално направените трошоци.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорните страни се согласни плаќањето за извршената услуга од предметот на набавката, да се изврши вирмански по доставување фактура и извештај за извршената услуга, во седиштето на Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден“ бр.2, Скопје,во законски утврден рок (60 дена) сметано од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Договорниот орган.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува да ги изврши услугите од член 1 на Договорот, во целост согласно потребите и барањата на Договорниот орган, утврдени во техничката спецификација како дел од тендерската документација број 4606-6809/2 од 10.07.2018 година и доставената Понудата на носителот на набавката со број4606-6809/3 од 11.07.2018 година.

## V. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 5**

Договорниот орган се обврзува да врши исплата за извршената услуга на начин и рок определен во член 3 од Договорот.

## VI. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот е со важност до исполнување на вредноста од член 2 став 1 од Договорот, односно 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на стапување на сила на истиот.

## VII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс – Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 8**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 9**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **„ДУНА" ДОО - Скопје** | **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**<br>**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ** |
| ДУНА ДОО експорт-импорт | |
| ______________________ | ______________________ |
| **Александар Пајковски**, Управител | **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар |

*Подготвил: Далибор Анчевски*
*Контролирал Анета Стевковска*